ОСНОВЕН СУД БИТОЛА
«СУ-212/22
«01.11.2022»
Б и т о л а

ВД Претседателот на Основен суд Битола, м-р Драган Јаковлевски, врз основа на чл.88 од Законот за судови и чл.119 од Сутскиот деловник, денес на ден 01.11.2022 година го донесе следниот

# К У Ќ Е Н  Р Е Д

**Чл.1**

Со куќниот ред се утврдува начинот на користењето работните простории, одржувањето на редот и хигиената, потребните мерки за безбедност на просториите и други мерки за чување на сретствата за работа и предметите што се наоѓаат во судот, правилата за облекување ,како и должностите на судската полиција на која и е доверена грижата за безбедноста на зградата.

**Чл.2**

Правилата на куќниот ред се однесуваат и се задолжителни за сите вработени во судската зграда, странките во судските постапки, нивните полномошници, застапници и бранители, други учесници во судската постапка како и за сите други лица кои што по било кој повод се затекнати во судската зграда, на паркингот, пред судот и друг функционален простор кој му припаѓа на судот.

**Чл.3**

Внатрешниот ред на судската зграда ги опфаќа:

- начинот на користење на работните и другите простории во судот
- влегувањето и престојот во судската зграда
- обезбедување на услови за непречено работење на судот
- обезбедување на зградата на судот и лицата во неа
- заштита на имотот на зградата на судот

**Чл.4**

Судската полиција го одржува редот во судот и просторот во судот и просторот околу зградата на судот.

Судската полиција е одговорна за правилно користење на главниот и службените влезови на судот и е должна да обезбеди непречено поминување на вработените и странките кога доаѓаат и излегуваат од судската зграда. После завршување на работното време судската полиција е должна да провери дали сите прозорци врати за затворени.

**Чл.5**

Отстапување од правилата на куќниот ред повлекува соодветни дисциплински мерки.

## КОРИСТЕЊЕ НА РАБОТНИТЕ И ДРУГИ ПРОСТОРИИ

**Чл.6**

Сите вработени во судската зграда се должни работните простории да ги

користат за извршување на работи за кои се наменети и совесно и одговорно да го чуваат канцеларискиот мебел и опремата за работа со кои се задолжени.

Во работните простории не се дозволува разместување на мебелот и информатичката опрема (компјутери, принтери, скенери) од една просторија во друга без дозвола од Претседателот на судот или Судскиот администратор.

Во работните простории во судот не е дозволено да се прави непотребна бука и врева со довикување, пregласен разговор и смеење, собирање во групи на вработените, јадење на шалтери и секое друго однесување со што би се нарушил работниот процес и што остава впечаток на непристојно однесување во институцијата.

Пушењето во судската зграда е забрането, вработените кои имаат потреба да запалат цигара може да излезат надвор на задна страна или пред судската зграда.

## ВЛЕГУВАЊЕ ВО ЗГРАДАТА НА СУДОТ, ЗАДРЖУВАЊЕ НА СТРАНКИТЕ И ДРУГИ ЛИЦА

### Чл.7

Зградата на судот има два влеза:

- Главниот влез од ул. Булевар 1-ви Мај, со пристап до истиот со посебна патека за лица со посебни потреби.
- Службен влез на северната страна кој се користи за влез на вработените и дотур на нарачана стока за потребите на судот.

Судската полиција е должна на главниот влез на судската зграда да обезбеди непречено поминување на странките при влегување и излегување од судската зграда.

Во зградата на судот, странките и другите лица влегуваат од главниот влез, а при влегувањето во зградата судската полиција која е одговорна за безбедноста на зградата и вработените, како и за странките за време на нивниот престој во зградата за време на работниот ден, должна е врз основа на пишаните правила, да врши контрола на сите лица кои влегуваат во зградата со употреба на технички помагала и уреди за детекција.

Судската полиција е должна да врши идентификација на странките и останатите лица кои влегуваат во судската зграда со увид на нивните лични исправи кои ќе ги задржи до враќањето на странките и нивното излегување од судската зграда.

Ако е во прашање странка односно лице кое бара прием кај претседателот на судот, судија, судскиот администратор, судскиот полицаец односно операторот на телефонската централа, должен е да провери дали на странката и е одобрен прием.

Право на користење на службениот влез од северната страна на судот имаат сите вработени и сите волонтери.

После завршувањето на работното време за безбедноста на зградата и имотот на судот одговара судската полиција.

### Чл.8

Забрането е влегувањето во судот после работното време.

За присуство во судот после работно верме потребно е посебно одобрение од Претседателот на судот или од лице овластено од него.

Одобрение од Претседателот на судот или од лицето кое тој ќе го овласти,

се добива врз основа на претходно поднесено барање или усно известување во итни и неодложни случаеви.

Посебно одобрение за присуство во судот после работното време не е потребно кога се работи за работа на итни предмети кои се работат за време на дежурства.

**Чл.9**

Сите вработени во судот/судии, судски службеници и други вработени/должни се да го почитуваат работното време од 07,30 до 15,30 часот. Паузата се користи од 11,00 до 11,30 часот, освен за судските референти -дактилографи кои пауза користат после завршени судења.

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРИИТЕ ВО ЗГРАДАТА НА СУДОТ

**Чл.10**

По завршувањето на работното време, судските предмети службени материјали, печати, штембили, канцелариски материјал од поголема вредност мора да се заклучуваат.

Вработените се должни после напуштањето на работните простории да проверуваат дали се затворени прозорците, угасени светлата, електричните уреди, компјутерите и апарати.

**Чл.11**

Клучевите од главната влезна врата, другиот службен влез од северната страна , од подрумските простории , се чуваат во судската портирница и за нив е одговорна судската полиција. По еден примерок од клучевите поседува Претседателот на судот или лице кое тој ќе го одреди.

## КОРИСТЕЊЕ НА ПРОСТОРОТ ОКУЛУ ЗГРАДАТА НА СУДОТ

**Чл.12**

Просторот околу зградата на судот го опфаќа: просторот пред зградата на судот по цела должина, просторот кој граничи со Апелациониот суд Битола, просторот од северната страна према СВР Битола кој се користи како паркинг и од источната страна-тревнатата површина до живата ограда со која е оградена оваа површина.

Судската полиција е задолжена да не дозволи паркирање на возила пред судската зграда и нивно задржување, и воедно да се грижи паркинг просторот пред самиот влез во судот секогаш да биде слободен за паркирање на службени возила како и службени возила на судовите од ова апелационо подрачје и затворите и другите органи.

## ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

**Чл.13**

**а.Правила на облекување.**

Судиите, судските службеници и други вработени во судот, како и лицата кои доаѓаат и остануваат во зградата на судот мора да бидат пристојно облечени на начин со кој се чува угледот и достоинството на судот.

Во време на престојот во зградата на судот лицата од ст.1 од овај член не смеат да носат :

облека без ракави односно на прерамки,
прозирни, непристојни и провокативни деколтирани блузи,
прозирна облека и шлицови,
облека со отворен грб и рамена
апостолки (јадранки), влечки.
спортска облека (тренерки, хеланки),
облека за плажа,
облека од џинс,
жените не смеат да носат фустани и сукњи кои се кратки над колена (мини),
ниту пак друга облека која не остава впечаток на пристојност , а за вработените во судот и на деловност.

Лицата кои со своето недостојно облекување не го почитуваат достоинството на судот, од страна на судската полиција на странките и другите лица, ќе им биде забранет пристапот во зградата на судот. Пристап во судот, нема да им биде дозволен и на лицата во алкохолизирана состојба и под дејство на наркотици.

За вработените кои нема да го почитуваат начинот на облекување ќе следува дисциплинска одговорност согласно Законот за судска служба.

Судиите на судење носат судска тога.

**Чл.14**

Карактеристика на изгледот на вработениот во судот се едноставност, одмереност и деловност.

Изгледот на вработените жени во судот подразбира гардероба од мирни бои, прилагодена на природата на работата која ја вршат, должината на сукњата или фустанот мора да биде умерена до колена или под колена, не се дозволува мини здолништа, чевлите уредни без изразито високи потпетици, сандали со затворени прсти, косата уредна и накит со мерка.

Изгледот на вработените мажи во судот подразбира облека со складни бои, чевли уредни и елегантни, средена коса, брада и мустаќи.

**б.Внесување и изнесување на предмети**

Канцелариски материјал, апарати и други предмети можат да се внесуваат и изнесуваат од зградата на судот само во текот на работното време и само во случај кога тоа е за службени потреби, а после работно време , внесување или изнесување на ствари може да се прави по претходно најавување и со посебно одобрение од Претседателот на судот или лице овластено од него.

Одобрување за внесување и изнесување на ствари и предмети дава лицето кое Претседателот на судот ќе го овласти .

Одобрението кое ќе биде издадено во смисла на став 1 и 2 од овој член задолжително треба да му се достави на судската полиција.

**Чл.15**

Вработените во судот и другите лица кои влегуваат во зградата на судот не смеат да носат пакети и апарати кои служат за оптичко или звучно снимање/ фотоапарати, камери, магнетофони, диктафони и сл.

Не се дозволува како на странка така и на вработените фотографирање во судската зграда или околу истата.

За вработените забрането е објавување на фотографии од судската зграда и просториите на социјалните мрежи.

На барање на судскиот полицаец, судските службеници, другите вработени и како и странките, должни се да ја покажат содржината на пакетот и другите предмети кои се оставаат.

Пакетите и предметите наведени во ст.1 од овај член, судската полиција ќе ги одземе и ќе ги остави на чување во портирницата на судот, за вработените , ќе ги чува до крајот на работниот ден, а за странките и другите лица до часот кога тие се во судот.

На барање на судскиот полицаец, судските службеници и другите вработени, како и странките, должни се да ја покажат содржината на пакетот и другите предмети кои се оставаат.

**Чл.16**

Новинарите, сниматели и фоторепортери кога доаѓаат во судот поради снимање, согласно закон можат да внесуваат во зградата на судот апарати за оптичко и акустично снимање, при што ќе бидат контролирани од судската полиција на судот.

**Чл.17**

Во зградата на судот не може да се внесува огнено и ладно оружје. До колку постои основано сомнение дека кај одредено лице се наоѓа такво оружје, судскиот полицаец може да изврши контрола над лицето, а доколку такво оружје биде затекнато, истото може да го одземе .

Одземеното оружје се предава на надлежниот орган одреден со закон.

Исклучок од одредбите на овај член, носење на оружје во зградата на судот дозволено им е само на припадниците на судската полиција, затворската полиција и полицијата од Министерството за внатрешни работи-СВР Битола и други градови, при обезбедување на обвинети и притворени лица.

**в.Одржување на чистотата во зградата на судот**

**Чл.18**

За одржување на чистотата на ходниците , скалите , канцелариите, тоалетите и за просторот пред главниот влез на судот и за просторот пред северниот-службен влез за вработените се грижат вработените хигиеничари секој работен ден од 10,00 до 18,00 часот .

За функционална исправност на поедини делови од судската зграда, мебел, електрични, водоводни и канализациони инсталации, тоалетни јазли, инсаталацијата за парно греење, како и за уредност и исправност на функционалниот простор околу зградата на судот задолжен е вработениот како ложач -хаус- мајстор.

Работното време на ложачот-хаус- масјсторот во грејна сезона се определува од 06,00 – 14,00 часот , а вон грејна сезона од 07,30 – 15,30 часот.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Чл.19**

Со кућниот ред да се запознаат сите вработени во Основен суд Битола со објавување на огласната табла и на внатрешната веб страна на судот, а

граѓаните да се запознаат преку објавување на Куќниот ред на веб страната на Основен суд Битола .

**Чл.20**

Со денот на започнување на примена на овој куќен ред, престанува да се применува Куќниот ред СУ-4/14 од 22.01.2014 година.

Куќниот ред стапува во сила со денот на неговото донесување.

ОСНОВЕН СУД БИТОЛА

ВД ПРЕТСЕДАТЕЛ
м-р Драган Јаковлевски